# ПРЕДГОВОР

Годишникот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје, претставува една од формите за комуницирање со научната и пошироката јавност на научните и другите работници на Институтот како и на надворешните соработници. Важно е да се каже дека во Годишникот редовно се застапени и имиња на млади автори кои ги прават своите први чекори во науката, но кои со своите идеи и научнички ентузијазам придонесуваат за збогатување и ширење на научниот простор во Македонија. Освен научни и стучни трудови во Годишникот се објавени и осврти на новообјавени книги.

Авторите на трудовите во овој Годишниок со своето знаење и искуство, како и во целокупната досегашна научноистражувачка работа, имаат за цел да придонесат не само за осознавањето на многу значајни прашања во општествено-политичкиот живот туку и за развој на социолошката, политичката, правната и дру-

# FOREWORD

The Annual of the Institute for Sociological, Political and Juridical Research – Skopje represents one of the forms of communication with the scientific and the general public regarding the scientific and the other workshops of the Institute and the external collaborators. It is important to underline that the Annual regularly includes the names of young authors who take the first steps in science, and enrich the building of the scientific field in Macedonia by means of their novel ideas and scientific enthusiasm.

The authors of the works in this Annual, by means of their know-how and experience, as in the overall previous scientific research, have aimed at contributing to perception of numerous significant issues not only from the socio-political life but also from the development of the social, political, legal and other thought in the Republic of Macedonia. More specifically, particular attention is paid to the issues of multiculturalism, social conformity, political ideology and moral

га мисла во Република Македонија. Поконкретно, вниманието е свртено врз глобализацијата, мултикултурализмот, социјалниот конформизам, политичката идеологија и моралното расудување, религиозните текови, положбата на ученичката младина, социјалната политика, семејното насилство, човековите права, родовата рамноправност, изборниот ситем, политичката култура, изборните стратегии на политичките партии, функционирањето на државната администрација, глобалното управување, деловната етика, мененџерството, доживотното учење и нелегалната имиграција.

Трудовите се мотивирани и од предизвикот на лоцирање, дијагностицирање и нудење на излезни решенија кои ќе водат кон надминување на бројните проблеми во подсистемите на македонскиот општествено-политички и економски систем како што се економијата, социјалата, законодавството, правосудството, одбраната, образованието и др.

Со својата разновидност, актуелност и научно-методолошка заснованост веруваме дека овие текстови ќе го привлечат вниманието и интересот на научната и пошироката јавност во Република Македонија, во регионот и пошироко.

*Проф д-р Јорде Јакимовски*

judgment, religious streams, position of the student's youth, social policy, domestic violence, human rights, gender equality, electoral system, political culture, electoral strategies of the political parties, functioning of the state administration, global management, business ethics, management, life-long learning and illegal immigration.

These works have further been challanged by the detection, diagnosis and provision of solutions which shall lead to overcoming of the numerous problems existing in the Macedonian socio-political and economic system such as economy, welfare, legislation, judicature, defense, education, etc.

We do believe that these texts shall arouse the interest of both the scientific and the general public in the Republic of Macedonia, the region and beyond due to their diveristy, topicality and scientific-methodological base.

*Prof. Jorde Jakimovski, Ph.D.*